Ристо КАНТАРЏИЕВ

# КЛАСНИТЕ УЧИЛИШТА ВО МАКЕДОНИЈА

Од средината на XIX век во Македонија почнуваат да се отвораат училишта и за повисоко образование, познати под името „главни“, „класни“, „прогимназијални“ и др. Појавата на овој вид училишта не е случајна во развитокот на македонското школство во минатиот век. Тоа е природна последица на објективните услови, создадени со општествено-економскиот развиток и стопанскиот напредок на македонските градови во ова време и на стремежите на младото македонско граѓанство за повисока наука. Заемните училишта, кои давале само елементарно образование, не можеле веќе да ги задоволуваат нараснатите потреби на занаетчиската и трговската средина за пошироки знаења. Зголеменото производство и сè поинтензивниот развиток на општествените и економските односи — сè повеќе ја наложувале потребата за изучување посовремени науки (географија, историја, аритметика, геометрија, физика, хемија и др.), кои се предавале во тогашните модерни европски училишта, а исто така и за знаењето на странски јазици (грчки, германски, француски), кои во тоа време биле неопходни во меѓународната трговска кореспонденција.

Класни училишта во Македонија имало и порано — уште во почетокот на XIX век (Охрид),[1]) но тие биле грчки, со настава на грчки јазик. Според В. М. Григорович, кој низ Македонија пропатувал во 1845 г., грчки или таканаречени елински класни училишта тогаш имало во Солун, Воден, Битола, Охрид, Струга и Серез.[2]) Но такви, елински, училишта во првата половина на XIX век биле отворени во Кукуш, Прилеп и Крушево, а подоцна и во некои други градови. Овие училишта биле основани и уредени по

---

[1] Во 1802 г. во дворот на црквата „Св. Климент“ грчкиот владика Калиник отворил елинско класно училиште. — Ив. Снегаров, Град Охрид — исторически очерк, Македонски преглед, год. IV, кн. 3, стр. 60; К. Шапкарев, Неколко критически бележки. . ., Български преглед, год. II, кн. 9—10, стр. 273.

[2] Виктор И. Григорович, Очерк путешествия по Европейской Турции, Казан, 1848 г. — Цит. по Н. Ив. Ванков, История на учебното дело в България, Ловеч, 1903 г., стр. 104.

углед на тогашните класни училишта во Грција.[3]) Во тоа време тие биле единствени училишта за повисоко образование во Македонија. Во нив продолжувале да учат оние, коишто ги имале завршено заемните училишта. Тоа биле главно деца на трговската буржоазија, на кои им било неопходно знаењето на грчкиот јазик.

Грчките училишта се одржале во македонските градови до 60-те години, негде до крајот на XIX век, па и подоцна. Како центри за ширење на грчкиот јазик, грчката образованост и култура, тие многу придонесле за елинизирањето на македонското население. Колку било силно грчкото духовно влијание се гледа и од фактот што во 1862 г., на пример, во Битола имало 10 грчки училишта, а ниедно словенско.[4]) Во Прилеп грчкото класно училиште се одржало сè до крајот на 1867 г.,[5]) а во Крушево[6]) и Охрид[7]) до крајот на 1869 г.

Елинските класни училишта биле добро уредени и имале солиден наставен кадар, кој образованието си го добил во тогаш прочуените грчки училишта во Јанина, Кожани, Негуш, Солун, Атина, Цариград и др. Но, макар што биле добро организирани, со широк обем на предмети што се изучувале во нив — како што констатирал Григорович, тие давале ограничено и еднострано образование. Главно внимание во грчките училишта се обрнувало на елинските науки, т.е. на изучувањето на старогрчкиот јазик и старогрчките писатели, а поновите науки, како математика, физика, хемија, историја и др., биле запоставени.[8]) Таквиот, класичен карактер на грчките училишта не одговарал веќе на духот на времето и на потребите за посовремени знаења какви што се добивале во модерните училишта во Европа. Поради тоа нивниот углед сè повеќе опаѓал, а со тоа и нивното влијание и образовното значење на грчкиот јазик и култура, така што од средината на минатиот век тие постепено ги губат своите позиции и им ги препуштаат на македонските класни училишта, кои по својот карактер значително се разликувале од нив и како такви повеќе одговарале на својата намена.

Но, за појавата на македонските класни училишта од значење е не само постоењето на грчки класни училишта во македонските градови во првата половина на XIX век, туку и просветното влијание кое од западна Европа проникнало во Македонија преку Срби-

---

[3] Според Н. Ив. Ванков (История на учебното дело во България, София, 1930 г., стр. 42), такви биле класните училишта и на Д. Миладинов во Кукуш и Битола.

[4] Никола Г. Еничерев, Възпоминания и бележки, София, 1906 г., стр. 359—360.

[5] Истото, стр. 98.

[6] Ив. Б. Шумков, Патриотически и насърдчителни разкази, София, 1907 г., стр. 306.

[7] Григор Прличев, Автобиографија, Скопје, 1953, г., стр. 81.

[8] Н. Ив. Ванков, История на учебното дело в България, София, 1930 г., стр. 41—42; Кузман Шапкарев, Автобиография от 1883—1884—1895, ракопис (Семинар за југословенски книжевности при Филозофскиот факултет во Скопје, инв. бр. 100), стр. 36.

ја и Бугарија кон средината на минатиот век, а подоцна и преку Русија и внесло значајни промени во училишниот живот кај нас.

Просветното движење за реално образование, што ги зафатило западноевропските земји кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век и предизвикало коренити промени во нивните училишни системи, имало одраз и во училишните системи на Русија и Србија, кои тогаш го подражувале Запад. Веќе кон средината на XIX век во Русија се појавиле нови средни и виши училишта во кои биле воведени современи науки. Од ова време познати се во Русија духовните академии, нормалните училишта, гимназиите и др. Во овој период дошло до осовременување на наставата и во училиштата во Србија. Преку овие земји духот на новото училиште проникнал и во Македонија. Носители на тој нов дух и новите просветни идеи биле учителите. Во 50-те години на минатиот век во Македонија доаѓаат српски учители кои покрај основни отвораат и класни училишта. Подоцна во Македонија доаѓаат и бугарски учители и тие отвораат класни училишта по образецот на класните училишта во Бугарија, основани од Бугари — руски воспитаници. На тој начин руското просветно влијание проникнува во Македонија по посреден пат. Но, тоа проникнува и непосредно — преку Македонци кои своето образование го добиле во Русија. По враќањето во Македонија тие отвораат класни училишта по образецот на руските класни училишта, приспособени за нашите потреби.

* * *

Обиди за отворање македонски училишта со повисок степен на образование од заемните (основните) училишта биле направени во Македонија уште во 40-те години на XIX век. За таков обид би требало да се смета училиштето што во 1848 г. го отворил во Скопје истакнатиот македонски преродбенски учител Јордан Хаџи Константинов-Џинот.

Пред доаѓањето во Скопје тој бил учител во својот роден град Велес, каде што во 1839 или 1840 г. го отворил првото световно училиште во Македонија, со настава на мајчин јазик.[9]) Во него Џинот учителствувал со прекини до 1848 г. и со својата просветна дејност направил вистински пресврт во училишниот живот на овој град. Во прцоречкото училиште (на источната страна на градот) тој вовел световна настава, со заемен систем на учење и некои нови предмети, поради што било сметано дури и за прогимназијално.[10]) Меѓутоа, од податоците со кои располагаме за предметите што Џинот ги предавал во ова училиште („буквар, св.

---

[9] Д-р Ристо Кантарџиев, Македонското преродбенско училиште, „Култура" — Скопје, 1965 г., стр. 51—55.

[10] Иван Иванић, Српске манастирске, сеоске и варошке школе у Турској — Годишњица Николе Чупића, Београд, 1913 г., кн. XXXII, стр. 216.

история, црквена история, оглашение вери, география, всеобща история, граматика с художнословие и диалектика, црквена опрова, тълкование все священнописание, митологие и т.д.")[11]), може да се установи дека тоа не било прогимназијално, туку заемно училиште.

Во Скопје Ј. Х. Константинов-Џинот дошол со искрена желба да создаде не само наполно световно, модерно заемно училиште со настава на народен јазик, туку и добро уредено и организирано училиште, кое ќе дава пошироки знаења од заемното училиште во Велес и другите такви училишта тогаш во Македонија. Дека Џинот навистина имал таква цел и настојувал да ја оствари, може да се потврди со наставниот план по кој тој работел во училиштето во 1851 г.[12]) За разлика од велешкото заемно училиште, тој во училиштето во Скопје спровел поинаква организација на наставната работа, а вовел и некои други предмети. Училиштето имало три одделенија. Во првото одделение, кое се викало **детовоспитное,** малите деца учеле да читаат и пишуваат на таблиците и песочницата. Во второто — **гимназијално** одделение, поголемите деца учеле граматика, географија, астрономија, општа и црковна историја, числителница, алгебра и „собрания" од древните писатели. Третото одделение било **црковное** и во него децата учеле за црковниот ред.[13]) Но, во училиштето учениците учеле и за трговија, посланија, облигации, векили, конта, тестаменти, атестати, пословица и дневник чаршиски.[14]) Воведувајќи ги овие предмети, Џинот сакал да го приспособи училиштето за потребите и изискувањата на трговците и занаетчиите, кои материјално и го издржувале училиштето.

Не е познато колку време траела наставата во првото, второто и третото одделение, ниту каков бил обемот на знаењата што учениците ги добивале од одделните предмети. Меѓутоа, имајќи ги предвид предметите што се учеле во ова училиште и времето предвидено за учење на исти и слични предмети во други такви училишта во тоа време во Македонија, може да се претпостави дека првото одделение („детовоспитное") во училиштето на Џинот по времетраењето на наставата во него одговарало на заемно училиште со едногодишен или двогодишен курс на настава во кое учениците добивале само основни знаења по читање, пишување

---

[11] Во едно свое писмо до „Друштво српске словесности" (Архив на Српската академија на науките и уметностите, дел. бр. 56 (4), 1856 г.) Ј. Х. Константинов—Џинот напомнува дека овие предмети ги предавал во велешкото училиште.

[12] Наставниот план Ј. Х. Константивно-Џинот го објавил во „Цариградски весник", 1851 г., бр. 59.

[13] Истото.

[14] Истото.

и сметање.[15]) А второто одделение („гимназијално“) по содржината и времетраењето на наставата одговарало всушност на „приготвително“ училиште,[16]) така наречено поради тоа што давало подготовка за главното (класно) училиште. Зошто, пак, второто одделение на своето училиште Цинот го нарекол „гимназијално“ — тешко може да се објасни. Тој веројатно наставата во ова одделение ја сметал за повисока од наставата во приготвителните училишта, па така именувајќи го сакал да му даде извесно значење и посебно да го истакне.

Но, ако наставниот план од 1851 г. не ни дава достатно елементи врз основа на кои би можеле училиштето на Цинот во Скопје да го третираме како училиште кое било во рангот на класно или прогимназијално училиште, такви елементи секако ни дава наставниот план што тој го објавил во „Цариградски вестник“ во почетокот на 1852 г. Според овој наставен план, кој наедно претставува и наставна програма, во текот на 1852 г. во училиштето се учеле следниве предмети:

а) Малкитѣ дѣца.

Букварь. Славянски присловници. Благонравница. География (Европа). Аритметика (4-тѣ прости дѣйствия). Църквена история (до 5-то гонение). Свещена история (до израилскитѣ сѫдии). Катихизисъ. Пословници. Вексели и облигации.

б) Срѣднитѣ дѣца.

Букварь. Славянски разговори. Сърбски имена (сърбски езикъ). Руски пространи катихизисъ. География (Турция, Русия и Германия). Примѣръ добродѣтели (5 глави отъ първата часть). Граматика (осъмтѣ части), слова сръбски, славянски и руски съ правила. Числителница (прости раздробления и тройно правило). Всемирна история (старитѣ врѣмена до Христа). Церковна история (седъмьтѣ събори). Свещтена история (до иерусалимското плѣнение отъ Навуходоносора). Три слова за Въскресение, Прѣображение и Успение Богородично. Енциклопедиитѣ отъ Г. А. С. Б. Кратка антропология. Нѣщо за планетитѣ. Пословици и дневникъ чаршийски.

---

[15] Од средината на XIX па до 70-те години на тој век во некои македонски градови постоеле заемни (основни) училишта само со едногодишен или двогодишен курс на настава, а во други градови заемни училишта во кои учењето траело 3 или 4 години. Првите се ограничувале само на давање основна писменост (читање, пишување, сметање), а другите, кои всушност претставувале полни основни училишта, покрај основна писменост давале и основни познавања од различни науки (граматика, географија, историја, аритметика, свештена историја, краснопис и др.). Види за тоа во книгата „Македонското преродбенско училиште", Скопје, 1965, стр. 106—109 и 121—127.

[16] Приготвителните училишта биле исто така основни училишта. Како одделни училишта тие постоеле во оние места, во кои заемните училишта имале едногодишен или двогодишен курс на настава и давале само основна писменост (читање, пишување, сметање). До колку пак наставата во заемните училишта траела 3 или 4 години, таму приготвителни училишта, како одделни училишта, не постоеле. Види за тоа во книгата „Македонското преродбенско училиште", стр. 107—109 и 123—127.

в) Первитѣ (най-голѣмитѣ) дѣца.

Граматика Мразовича. Захаревича. Цвѣтникъ. Всемирна история съ генеология, хронология и география. Физика. Стематография. Свещена история. Църковна история. География съ изображение на карти. За планетитѣ. Митология. Практическа аритметика. История на Кирила и Методия съ свидѣтелства. За старитѣ философи. Компасъ. Биография на знаменити мѫжье и философи. Славянска граматика. Свещенослужение. Рѣчникъ 500 рѣчи славянско-руско-български съ етимология. Български рѣчи съ славянско граматическо склонение. Писмо.[17])

Анализирајќи го овој наставен план веднаш забележуваме дека тој значително се разликува од наставниот план по кој Џинот работел во училиштето во 1851 г. Малите деца во 1852 г. учеле повеќе предмети од децата во првото одделение („детовоспитное") во 1851 г., кои добивале само основна писменост (читање, пишување, сметање). Наставниот план од 1852 г. за малите деца ги предвидувал речиси истите предмети што се учеле во полно заемно (со двогодишен или тригодишен курс) училиште или во заемно (со едногодишен курс) и приготвително училиште заедно. Средните деца пак ги учеле предметите што се предавале во приготвителните и класните училишта. А првите деца истите предмети, како и средните деца, само веројатно во поголем обем. Кога сето ова се има предвид, под претпоставка дека Џинот навистина работел по наставниот план од 1852 г., тогаш треба да се признае дека образованието што во 1852 г. и подоцна го давало ова училиште било на нивото на образованието што се добивало тогаш во основните и класните училишта заедно. И самиот Ј. Х. Константинов-Џинот на своето училиште во Скопје му придавал такво значење и го сметал за едно од најдобрите во тоа време на целиот словенски Југ. „И такво беше скопско училище, що в всичка Турция още нема, а мучно е да има."[18]) Во него учеле не само децата на скопските трговци и занаетчии, и од околината на Скопје, туку и од другите македонски градови (Велес, Куманово, Тетово, Дебар, од подрачјето на „Река", па дури и од Призрен).[19])

Ј. Х. Константинов-Џинот бил, несомнено, способен учител, еден од ретките македонски преродбенски учители кој успеал да се издигне над нивото на образованието на тогашните учители и да се здобие со завидна култура на времето. Со својата самопрегорна работа тој многу придонесол за напредокот на скопското училиште и тоа покажало видни резултати. Меѓутоа, освен настав-

[17] „Цариградски вестник" бр. 68 од 1. I. 1852 г. Види В. Кънчов, Град Скопие, — Периодическо списание на българското книжевно дружество, Средец, г. XI, кн. 55—56, стр. 121; Д-р Ѓорѓи Шоптрајанов, Библиотеката на Јордан Хаџи Константинов Џинот, Годишен зборник на Филозофски факултет на Универзитетот — Скопје, Скопје, 1949, кн. 2, стр. 130—131.

[18] Ј. Х. Константинов, цит. писмо.

[19] Васил Кънчов, цит. дело, стр. 120.

ниот план не постојат и други веродостојни податоци, врз основа на кои би можело да се потврди дека неговото училиште во Скопје по својот ранг било еднакво на класно, односно прогимназијално училиште. Во отсуство на такви податоци би можело да се пројави дури и сомневање дали тој воопшто работел по овој наставен план и дали бил во состојба сам да го реализира. Сомневањето во оваа смисла се наметнува само по себе и тоа пред сè поради фактот што Цинот во своето училиште држел настава на голем број ученици (179).[20]) Но, потребно е, исто така, да се наспомне дека постои и мислење според кое неговото училиште во Скопје со ништо посебно не се разликувало од другите тогашни основни училишта. Во едно писмо од бугарскиот општественик Најден Геров, бугарскиот учител Стојан Костов, кој во Скопје учителствувал од 1855 до 1857 г., изнесува вакво мислење за состојбата на училиштата во градот: „Нарочно училище по нова методос, като там низ България у Скопие нема: токмо една средна стая у която ся събират и мали и големи деца . . . Училища имаме три, обаче едно за едно не е, понеже никакъв порядок нема в них, освен една стая. Учителите что сме, всичките сме избрани, кой како от кой . . . Току речи всичките учиме децата, тъкмо на прочитание, нечто мало аз уж от науки предавам."[21]) В. Кънчов го сметал училиштето на Цинот во Скопје за заемно,[22]) а Н. Ив. Ванков за приготвително. Алудирајќи на една стихотворба на Цинот, објавена во „Цариградски вестник" 1851 г., бр. 55, во која тој ги воспеал некои училишта во Бугарија и своето училиште во Скопје, Ванков изрично вели: „. . . со исклучок само на пловдивското училиште, сите други „главни", „славни", „благородни", „чини" и др. (Панаѓуриште, Тревна, Свиштов, Калофер, Казанл'к, Пазарџиска гимназија, Самоков, Скопје) воспеани во стихотворбата училишта се првоначални, горни одделенија на заемното училиште."[23])

Од сето што беше напред изложено, може да се установи дека без оглед на желбата на Цинот своето училиште во Скопје да го издигне во ранг на прогимназијално училиште и на неговите настојувања да се здобие со гласност на едно такво училиште, тоа сепак било основно, кое во себе вклучувало заемно и приготвително училиште. Зашто, како што е познато, класните училишта биле посебен тип училишта, по својот карактер различни од заемните и приготвителни училишта, со посебни задачи и поинаква организација на наставата и методиката на наставната работа. А училиштето на Цинот немало одлики на такво училиште. Во него тој сам држел настава на голем број ученици (179) и тоа во една училница,

[20] „Цариградски вестник", 1851 г., бр. 44 и 59.

[21] Из архивата на Найден Геров, София, 1911 г., кн. I, стр. 929—930. Писмото Костов го испратил од Скопје на 8. XII. 1857 г.

[22] Васил Кънчов, цит. дело, стр. 118.

[23] Н. Ив. Ванков, История на учебното дело в България, Ловеч, 1903 г., стр. 114. Цит. по Т. Шоптрајанов, Сто години гимназијално образование во Велес, Скопје, 1960. г. стр. 65.

заедно на малите и поголемите деца. Поради ваквата организација на наставата во него и состојбата во која се наоѓало, тоа не би можело да се смета за класно, односно прогимназијално училиште.

Првото класно училиште, и тоа класно училиште од посебен вид, било отворено во 1857 г. во Велес, во неговиот источен дел („Прцорек"), каде што било отворено и првото световно училиште во Македонија. Отворањето на такво училиште во ова време и во овој македонски град, не треба да се смета за случајност. Кон средината на минатиот век Велес бил значаен трговски центар во Македонија. Тој имал развиени трговски односи не само со македонските градови и воопшто со градовите во Отоманската империја, туку и со соседните слободни земји (Србија, Грција) и низа други европски земји (Австрија, Германија, Италија, Русија и др.). Неговите трговци преку Солун, со салови по Вардар, извезувале во големи количества сурови кожи, ѓонови, вино и жито,[24]) а во средноевропските градови (Пешта, Виена, Лајпциг и др.), каде што некои велешки трговски куќи имале и свои постојани канцеларии, бил извезуван прочуениот сахтијан, кој во Велес се изработувал и над 400.000 парчиња годишно.[25])

Економскиот развиток, интензивниот стопански живот кој му дал материјална благосостојба на Велес, создал благотворни услови и за неговиот духовен просперитет. Благодарејќи на развиената трговија и занаетчиството, на економскиот подем што градот го достигнал во ова време, црковно-училишните општини биле во состојба да одделат значајни материјални средства за издржување на училиштата и унапредувањето на неговиот просветно-културен живот.

Но појавата на класни училишта во Велес не се должи само на условите создадени со неговиот економски и стопански напредок, како и на интересот што постоел кај неговите граѓани за отворање училишта кои ќе даваат повисоко образование од заемните (основните) училишта, туку и на просветно-културните врски со соседните словенски земји. кои особено се развиле во 50-те и 60-те години на минатиот век. Собудените и дејателни велешки граѓани, кои по трговија оделе во овие попросветни земји и во нив се запознавале со просветните и културните придобивки на нивните народи, се враќале во својот град со желба со нешто да придонесат за неговото просветно и културно издигање и за остварувањето на таква цел не жалеле материјални средства. Тие и самите биле големи љубители на книгата. Голем број од нив (над 150) биле претплатници на одделни дела печатени на македонски и други јазици, а некои имале и свои библиотеки.[26]) Но Велес имал и мошне богати просветно-културни традиции. Од најстаро

---

[24] Н. Г. Епичерев, Гъзпоминания и бележки, София, 1906 г., стр. 72.

[25] К. Костић, Наши нови градови на Југу, Београд, 1922 г., стр. 103.

[26] Д-р Харалампие Поленаковиќ, Јордан Хаџи Константинов-Џинот, в. „Нова Македонија" од 2. XI. 1958 г., стр. 9.

време во него непрекинато работеле ќелијни училишта, а околу 1832 г. имал и јавна библиотека со значаен број книги од световно значење.[27])

Имено во ваквиот Велес, кој не само во економски, туку и во просветно-културен поглед имал истакнато место меѓу македонските градови, дошло до отворање на првото наше класно училиште. Отворањето на училиштето е врзано за името на српскиот учител **Јован Нешковиќ**. Тој бил учител со факултетско образование, кој филозофските и правните науки ги завршил во Пешта каде што бил и роден. Во време на Унгарската буна тој дошол во Србија и сè до 1856 г. учителствувал во различни места.[28]) Во втората половина на 1857 г., по покана на источната велешка црковно-училишна општина,[29]) а по препорака на белградскиот митрополит,[30]) Нешковиќ дошол за главен учител во Велес каде што ги поставил основите на првото класно училиште во Македонија.

Не е познат точниот датум кога почнало да работи новоснованото класно училиште (или таканаречената „Трговска школа") во Велес, но секако тоа било во втората половина на 1857 г., не подоцна од првата половина на ноември истата година. Ваквата претпоставка ја потврдуваат и некои документи, што се наоѓаат во Државниот архив на СР Србија, а се однесуваат на ова училиште.[31]) Освен за годината на отворањето на училиштето, овие документи содржат и податоци врз основа на кои може да се осветли неговиот карактер и дејност. Во писмото од 15. XI. 1857 г., што го упатил до Попечителството на просвештението на Србија од името на Велешката црковно-училишната општина, во кое моли за велешките училишта да се испратат книги, Нешковиќ наспомнува дека 1857 г. била прва година од постоењето на новооснованата „Трговска школа".[32]) Во истото писмо тој соопштува дека во основното училиште имало 212, а во „Трговската школа" не повеќе од 40 ученици, со двајца професори (Нешковиќ и веројатно 1 негов помошник — б. н.).

---

27 Васил Ѓоргов, Македонскиот народ со оружје в рака ги разурна големобугарските поробувачки планови, во книгата „Сто години Велешка гимназија", Титов Велес, 1962 г., стр. 26.

28 Според д-р Ј. Х. Васиљевић, (Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX веку, Београд, 1928 г., стр. 95, заб. 3) Јован Нешковиќ бил наставник во приватната гимназија во Пожаревац, учителската школа во Сараево и во Кладово.

29 Д-р Јов. Хаџи Васиљевић, Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX веку, Београд, 1928 г., стр. 95, заб. 3.

30 Истото, стр. 95.

31 Овие документи ги објави Славко Николов во статијата „Прилози за првото трг. училиште во Велес 1857 г." — „Млада литература", Скопје, 1951 г., бр. 1. Факсимил од писмото на Нешковиќ од 15. XI. 1857 г. објави и Данчо Зографски во статијата „Трговското училиште во Велес од 1857 година" — „Разгледи", год. I, бр. 5.

32 „. . . трговачка школа Велеска (која Велесима на велику част служи) на многе је и неизказане препоне ове прве године свога бића наилазила". — Држ. архива СР Србије, Попечителство просвештенија, Ф. VIII, 81 (1857).



Остатоци од зградата на „Трговската школа", што ја отворил во 1857 г. во источниот дел на Велес („Прцорек") учителот Јован Нешковиќ

Меѓутоа, другото негово писмо (од 30. XII. 1857 г.) до споменатото Попечителство содржи повеќе елементи за приближно определување на времето кога „Трговската школа" била отворена и почнала да работи. Во него Нешковиќ истакнува дека по неговото доаѓање во Велес постоела општа желба велешките училишта да се реорганизираат по углед на училиштата во Србија, па следејќи ја оваа желба тој веднаш направил постапки (со писмото од 15. XI. 1857 г.) бесплатно да се добијат учебници од Попечителството на просвештението на Србија.[33]) Ако ова што го вели Нешковиќ се прими за точно, тогаш може да се претпостави дека молбата (од 15. XI. 1857 г.), со која од Попечителството барал учебници за велешките училишта, не ја упатил подоцна од еден до два месеца по своето доаѓање во Велес, зашто без учебници и не би можела да отпочне настава во училиштата, па може да се заклучи дека „Трговската школа" била отворена во септември — октомври, или најдоцна во почетокот на ноември 1857 г.

Во „Трговската школа" Нешковиќ држел настава на околу 40 ученици. Според Хр. Чочков, ова училиште имало два класа. Во првиот клас, кој бил општообразовен, се предавале: граматика,

[33] „При мом амо дошествију, — вели Нешковиќ во писмото од 30. XII. 1957 г., обшта је жеља била да се школе по нашем начину престроје, и зато је одма закључила и књиге школске од нас (т. ј. Србије), што скорије набавити,. У следству чега умољен будем ја, да Високославном Попечителству, као управитељ основне школе, у име Главног Надзирателства школа, и све обштине пишем, и нуждне књиге измолим".

историја, земјопис, природознание, стокознание, аритметика, германски јазик и др. А во вториот клас, покрај наведените предмети, се предавале и предмети потребни за трговијата: трговски сметки, книговодство, записи, контракти, писмоводство и германски јазик.[34]) Учењето на германски јазик се наложило од големата потреба што се чувствувала во Велес за овој јазик, бидејќи велешките трговци воделе трговија главно со Пешта, Виена и германските градови.[35]) Доколку овие податоци на Чочкова се точни, тогаш може лесно да се установи карактерот на класното училиште што го основал Нешковиќ во Велес. Меѓутоа, постојат извесни сомневања дали во ова училиште навистина се предавале сите предмети што ги наведува Чочков? Вакви сомневања се наметнуваат пред сè и поради тоа што со сигурност не може да се тврди дека Нешковиќ ги добил учебниците[36]) за своето трговско училиште од Попечителството на просвештението на Србија. Од еден документ (датиран на 24 јануари 1858 г.), кој се наоѓа во Државниот архив на СР Србија, се гледа дека Попечителството на просвештението ѝ излегло во пресрет на молбата на велешката општина и бесплатно ѝ испратило учебници, но само за основното,[37]) а не и за трговското училиште. Во Велес, навистина, е пронајден еден примерок на „Немачки буквар", кој се чува во градскиот архив,[38]) но врз основа само на овој податок не може да се заклучи дека Нешковиќ ги добил сите учебници што ги барал од Србија. Каранфиловиќ дури искажува сомневање дека во ова училиште се предавале и трговски предмети и смета дека Нешковиќ го нарекол „Трговско училиште" за да му даде поголемо значење. Според него, во училиштето се учеле: српска велика читанка, српско-славјанска граматика, прва знања, кратак катихизис и кратка свештена историја.[39]) Ме-

[34] Хр. Чочков, Град Велес, Учебното дело до революционите борби, София, 1929 г., стр. 24.

[35] Д-р Ј. Х. Васиљевић, цит. дело, стр. 96.

[36] „1. Један мали Глобус; 2. све 5 части Ландкарти са атласом; 3. Историю Бугара; 4. Общту и Јестествену повѣстницу; 5. Земљопис трговачкий и целога света; 6. Мислословије; 7. физику; 8. математику; 9. Један србско-францускиј Буквар са малим Рѣчником; 10. 30 комада Нѣмачкий Буквара са толико мали Рѣчника Г. М. А. Симићем издатим; 11. Устројения: осн. трговачкий и Гимназиалний школа, по један егземпляр; Економия и технология; Рачуница трговачка и по један комад обширног катихизиса и свештене историје (Држ. архива СР Србије, Попечителство просвештенија, Ф. VIII, 81/1857).

[37] По налог на Попечителството на просвештението на Србија № 127 од 24 јануари 1858 г., државната печатница преку трговецот Георги Нуши и ги испратила бесплатно на велешката општина следниве учебници за основното училиште: Штица мали 20 ком., Мали буквара србски 20 ком., Читанку I 20 ком., II и III од сваке по 10 ком., Свештене историе 10 ком., Собрание молитви 10 ком., Прва знања 10 ком. Рачуница кратки 10 ком., Кратки катихизис 10 ком., Земљопис за III разред 10 ком., Писмени састави 10 ком., Граматика србски 10 ком., Земљопис Србије и Турске 10 ком., Прегледаоница србски 10 ком., Чаславаца 3 ком. и псалтира 3 ком. (Држ. архива СР Србије, Ф. XI,№ 44 К. 3/1858).

[38] Тодор Шоптрајанов, Сто години гимназијално образование во Велес, „Култура" — Скопје, 1960 г., стр. 48.

[39] Сегашно и недавно миняло на град Велес. — Кратък очерк от К. (аранфилович), — Период. списание, год. VIII, кн. XL. Средец, 1892 г., стр. 572.

ѓутоа, без оглед на ваквите спротивни мислења за карактерот на училиштето на Нешковиќа, неоспорен е фактот дека тоа по својот ранг било повисоко од заемните и приготвителните училишта и дека ги имало сите одлики на тогашните главни, односно класни училишта. Всушност тоа не било само прво класно училиште што се отворило во Македонија, туку може да се каже и прво стручно училиште со специјална насока: да им дава на учениците основни знаења од трговските науки и да ги оспособува за современо, модерно водење на трговијата. Трговското училиште на Нешковиќ било добро организирано и покажало добри резултати.[40]) Од него излегле солидно подготвени младинци, способни да водат трговија на современ начин. Некои од нив го продолжиле своето образование и на универзитетите во Европа.[41])

Заедно со својата жена Нешковиќ учителствувал во Велес две години. Тој бил управител на основното училиште и главен учител (или професор — како обично се потпишувал) на трговското училиште, а неговата жена учителка во женското основно училиште.[42]) Примал мошне голема плата за тоа време — 10.000 гроша годишно заедно со платата на својата жена. Од здравствени причини,[43]) а веројатно и затоа што дошол во конфликт со општината поради нередовното исплатување на платата,[44]) Нешковиќ бил принуден да го напушти Велес есента 1859 г.

Кон крајот на 1857 г. или во првата половина на 1858 г., главно или класно училиште било отворено и во западниот дел на Велес. Ова училиште го отворил бугарскиот учител **Ѓорѓи Икономов**. Тој бил родум од Дупница (Бугарија) и во Велес дошол по препорака на Најден Геров,[45]) кој во тоа време одржувал врски

---

[40] Во една дописка од Велес, објавена во „Цариградски вестник" бр. 141 од 25. VII. 1859 г., меѓу другото се вели: „Велешкое наше училище сега добре успѣва. Главен учител е Г-н Јован Нешкович, родом Сербин. Он има учение, религиозен е в нрави свои, и много е прилежателен. Ученици-те го любят, и гражданите са благодарни.

[41] Д-р Ристо Кантарџиев, цит. дело, стр. 114.

[42] На 30—40 поголеми ученички, покрај другите предмети, таа им предавала уште и рачна работа, која многу добро ја знаела (Хр. Чочков, цит. дело, стр. 24.).

[43] Во својата молба од 9. X. 1860 г., која од Јагодина ја испратил до Попечителството на просвештението во Белград, Нешковиќ меѓу другото го напишал и ова: „Пре пак 3 године будем од обшчине Велеске за управитеља основне и учитеља Трговачке школе позван, где сам пуне две године провео као што се Високо Попечителство из овди под III. свидетелства уверити може. Али, книма и други домаћи узроци бацили су ме у болест и нису допустили да дуже останем у Велесу и у следству тога и поднесем оставку и одем у Призрен к лековитој води". (По д-р Ј. Х. Васиљевић, цит. дело, стр. 95, заб. 3.).

[44] К.(аранфилович), цит. статија, стр. 573.

[45] Во своето писмо до Најден Геров, од 22. III. 1858 г., велешкиот трговец Андон Х. Наумов за тоа пишува: „Перво, благодариме за избрание то на Ваше Високоблагородия, учителя Г-на Георгия Економова когото, само с едно Ваше слово призовахме за учит: в градът ни, абие Г-ство му, като отечестволюбец, дойде, отвори училище то и вступи си на работа та като истиний патриот, от когото ся надѣваме временно и плод да добие отечеството ни. — Училище то ни е понастоящему в добр ред положено". — (Из Архивата на Најден Геров, кн. II, стр. 89).

со некои од велешките трговци. Ѓорѓи Икономов бил образован и способен учител. Бил познат и како автор на неколку учебници и книги.[46]) Кога дошол за главен учител во Велес, постоеле поволни услови за отворање класно училиште и во западниот дел на градот. Тогаш западната општина достигнала извесен економски подем и била во состојба да одделува значајни материјални средства за развитокот и унапредувањето на школството. Во 1857 г. таа откупила место за нова училишна зграда и за нејзината изградба потрошила 1.500—2.000 турски лири.[47]) Меѓутоа, по сè изгледа дека Ѓорѓи Икономов не го отворил класното училиште веднаш по своето доаѓање во Велес, туку подоцна, веројатно во текот на првата половина на 1858 г. За ваква претпоставка ни дава повод едно негово писмо од 25. II. 1858 г., што го упатил од Велес до Н. Геров, во кое тој го известува дека вовел заемен ред во заемното училиште и дека „по воскресение" има намера 20—30 повозрасни ученици од ова училиште да ги распореди во еден или два разреда (класа).[48]) Не постојат други документи што го потврдуваат тоа. Но, доколку Ѓорѓи Икономов навистина ја остварил својата намера, тогаш може да се смета за сигурно дека тој ги поставил основите на класното училиште во западниот дел на Велес.

Мошне скудни се податоците и за предметите што се предавале во ова училиште. Каранфиловиќ спомнува дека во него „по свршувањето на таблиците, учениците учеле аритметика, граматика, општа историја, бугарска историја и краток катихизис.[49]) Истите предмети ги наведува и Чочков.[50]) Несомнено, овие податоци укажуваат каков бил наставниот курс во училиштето на Ѓорѓи Икономов. Врз основа на нив би можело дури и да се тврди дека тоа било заемно (четиригодишно) или приготвително училиште, зашто и во нив се учеле речиси истите предмети. Меѓутоа, мислењето дека училиштето што го основал Икономов во западниот дел на Велес било главно, односно класно, го потврдуваат и некои други факти. Каранфиловиќ наспомнува дека Икономов ги реорганизирал училиштата во западниот дел на градот, спровел некои новини во наставата и за целото време на своето учителствување раководел со наставната работа на учителите. Неговото четиригодишно престојување тој го претставува како „епоха" во развитокот на школството на Велес.[51]) Чочков пак истакнува дека ново-

---

[46] Тодор Шоптрајанов, цит. дело, стр. 53.

[47] Хр. Чочков, цит. дело, стр. 27.

[48] „Документи за Бълг. история", София, 1931 г., стр. 50. „Наредих взаимний ряд в взаимното училище и по въскресение имам да извлеча от там 20—30 момчета, които ще се распорядат на един или два разряда". — Цит. по Т. Шоптрајанов, цит. дело, стр. 55, заб. 113.

[49] К.(аранфилович), цит. статија, стр. 568.

[50] Хр. Чочков, цит. дело, стр. 26.

[51] К.(аранфилович), цит. статија, стр. 569.

изградените училишни згради Икономов ги определил за заемно и класно училиште и во нив учениците ги распоредил на одделенија и класови.[52]) За потврда на тоа дека училиштето на Икономов било класно, Т. Шоптрајанов се повикува на еден годишен извештај за учебната 1910/11 г., во кој меѓу другото се изнесува дека прв главен учител во Велес бил Ѓорѓи Икономов од Дупница, кој од возрасните ученици наредил три класа („чинови“) и им предавал светска наука — сметање, нешто географија, граматика, природознание.[53]) Говорејќи за годините на отворањето на класни училишта во Бугарија и Македонија, Н. Ив. Ванков споменува дека во учебната 1860/61 г. во Велес постоело трикласно училиште.[54]) Тоа секако се однесува на училиштето на Икономов, зашто тој во таа година сè уште бил учител во Велес. Но, дека тој навистина бил главен учител, се потврдува уште со фактот што примал мошне висока плата — 10.000 гроша годишно. Таква висока плата во тоа време можел да прима само главен, односно класен учител.

Во Велес Икономов останал четири години, од 1857—1861 г. Поради лошото здравје бил принуден да се врати во својот роден град Дупница.

По заминувањето на Јован Нешковиќ, класното училиште во источниот дел на Велес останало извесно време без главен учител. Потоа за главен учител бил условен **Ѓорѓи Милетиќ**, Србин од Војводина, кој во Велес дошол по препорака на бившиот велешки митрополит Авксентиј.[55]) Не е точно утврдено времето кога тој дошол за главен учител во Велес. Веројатно есента 1859 г. — по заминувањето на Нешковиќ од Велес, а не во февруари 1859 г. — како што тврдат Каранфиловиќ и Ј. Х. Васиљевиќ.[56]) Иако ги немал квалификациите на Нешковиќ, Ѓорѓи Милетиќ бил способен учител, кој успешно ја продолжил наставната работа во прцоречкото класно училиште. Наставата ја изведувал по учебниците што ги наследил од својот претходник. Но, освен за германски јазик,[57]) не постојат податоци за другите предмети што ги предавал тој

---

[52] Хр. Чочков, цит. дело, стр. 29.

[53] Т. Шоптрајанов, цит. дело, стр. 55—56.

[54] Н. Ив., Ванков, История на учебното дело в България, Ловеч, 1903 г., стр. 116.

[55] Според К.(аранфилович), цит. статија, стр. 573, Ѓорѓи Милетиќ се родил 1837 г. во с. Мошорин, близу до гр. Тител (Војводина). Основното училиште го завршил во Тител, а реалното германско училиште во Сремска Митровица. За да ја избегне воената служба, Милетиќ во 1858 г. се префрлил во Босна. По краткиот престој тука тој со еден претприемач заминал за Египет, каде што извесно време работел на ископувањето на Суецкиот канал. Потоа отишол за Цариград, каде што се запознал со митрополитот Авксентиј и по негова препорака дошол за главен учител во Велес. Слични податоци за него дава и Ј. Х. Васиљевић, цит. дело, стр. 97 заб. 2.

[56] К.(аранфилович), цит. статија, стр. 573; Д-р Ј. Х. Васиљевић, цит. дело, стр. 97, заб. 2.

[57] К.(аранфилович), цит. статија, стр. 574.

во ова училиште во текот на своето двегодишно учителствување. Во Велес Милетиќ останал до крајот на учебната 1860/61 г., кога по покана на штипските граѓани отишол за главен учител во Штип.[58])

По Ѓ. Милетиќ во класното училиште во источниот дел на Велес извесно време главен учител бил **Васил Дијамандиев.** Тој бил родум од Охрид, а образованието го добил во Охрид и Русија[59]) Не е познато колку време останал во Велес. Потоа за главен општински учител дошол **Ј. Х. Константинов-Џинот,** [60]) кој во класното училиште во „Прцорек" учителствувал од 1866/67 до 1868/69 г.

Во западниот дел на Велес на местото на Ѓ. Икономов за главен учител дошол монахот **Алексеј,** родум од с. Галичник. Тој своето образование го добил во Зографскиот манастир.[61]) Од податоците што ги дава Чочков[62]) за него, се гледа дека тој главно ја продолжил работата на учителот Икономов и ги предавал речиси истите предмети што ги вовел во училиштето неговиот претходник. Во една дописка објавена во в. „Македония" на 8. IV. 1867 г., во која се соопштува дека на 2. IV. 1867 г. во главното училиште во западната страна се одржал испит, се изнесува дека учениците (распоредени во три разреда) биле испрашани од следните предмети: бугарска граматика, пространа аритметика, св. катихизис, естествено и граѓанско земјоописание, состави од учебникот, народна, општа и црковна историја, антропологија и чистописание.[63]) Овие предмети несомнено укажуваат дека училиштето на отец Алексеј било главно, односно класно училиште. Тоа го потврдува истата дописка, во која се вели: „Другите учители од заемното училиште . . . останаа за утре да дадат испит со своите ученици."[64]) Отец Алексеј учителствувал во Велес до 1868 г., со годишна плата во износ од 6.000 гроша.

Во почетокот на учебната 1861/62 г. класно училиште било отворено и во гр. Штип. Ова училиште го отворил српскиот учител **Ѓорѓи Милетиќ,** кој по покана на штипските граѓани дошол од Велес. Тој го реорганизирал тогашното училиште во Штип и во него вовел модерна настава. Од понапредните ученици тој одделил 30 и ним во текот на две години им предавал повисока наука.[65]) Училиштето имало два класа. Не е познато кои предмети ги предавал Милетиќ и со какви учебници се служел во наставната ра-

---

[58] Й. Иванов, Северна Македония, София, 1906 г., стр. 361.

[59] Хр. Чочков, цит. дело, стр. 28.

[60] В. Кънчов, Град Скопие, — „Периодическо списание" год. XI, кн. 55—56, Средец, 1898 г., стр. 100—101.

[61] К.(аранфилович), цит. статија, стр. 600.

[62] Хр. Чочков, цит. дело, стр. 28.

[63] Цит. по Т. Шоптрајанов, Сто години гимназијално образование во Велес, стр. 58.

[64] Истото, стр. 59.

[65] G. Иванов, цит. дело, стр. 361.

бота. Според Ј. Х. Васиљевиќ,[66]) тој во штипското главно училиште употребувал српски учебници, како и во училиштето во Велес. А според Каранфиловиќ,[67]) тој во училиштето предавал по бугарски учебници, што ги добил од Дановата книжарница во Велес. Милетиќевото училиште во Штип станало многу познато и во него учеле ученици и од другите градови на Македонија. Во Штип тој учителствувал две години со годишна плата од 90 турски лири[68]) — заедно со платата на неговата жена, која исто така била учителка. По заминувањето на Милетиќ за главен учител со годишна плата од 60 турски лири, општината го погодила **Димитар Павлов,** кој го завршил Груевото класно училиште во Пловдив.[69])

Подоцна главни или класни училишта се отвориле и во други македонски градови. Во 1865 г. за главен учител во Кукуш дошол **Кузман Шапкарев** и основал двокласно училиште.[70]) Во ова училиште тој ги предавал следниве предмети: всеобща история, закон божий (св. история и катихизис), землеописание, числителница, по малку старо-ългарско или църковно чтение, краснописание и начала од грьцкий и турский язик.[71])

Истата, 1865 г., класно училиште веројатно било отворено и во Прилеп. Во таа година, по покана на прилепската општина,[72]) за главен учител дошол бугарскиот учител **Ѓорѓи Икономов,** оној ист Икономов, кој го отворил класното училиште во западниот дел на Велес. Но тој во Прилеп останал кратко време, само една година. Потоа него го заменил еден друг бугарски учител — **Никола Ганчев Еничерев,** за кого со сигурност се смета дека во 1866 г. основал класно училиште во овој град.[73]) Тој го одвоил главното од заемното училиште и вовел нови науки. Во своите спомени за прилепското главно училиште Еничерев меѓу другото вели дека во текот на првата година на своето учителствување во Прилеп можел да сфати дека прилепските луѓе „не бараат високи науки, туку нешто практично — реално, што ќе може веднаш да им

---

[66] Д-р Ј. Х. Васиљевић, цит. дело, стр. 84.
[67] К.(аранфилович), цит. статија, стр. 574.
[68] Й. Иванов, цит. дело, стр. 361.
[69] Истото, стр. 361.
[70] Сп. „Читалище", 1871 г., кн. 13, стр. 412.
[71] Истото, стр. 412.
[72] Прилепската општина го поканила Г. Икономов за главен учител со следново писмо:

„Прилѣп на 8 Маия 1865.
Словесний учителю Г-не Г. Економов

В Дупница.

Понеже прет тричетири мѣсеци, Българскийт ни учител В. умрѣ, потърсихме друг да намѣстиме на овдоелото мѣсто. Измежду това Гърцкийт ни учител К. Пасхалиев (К. Шапкарев — б. н.) ни предложи за ваше словесие, и пред тричетири дни ни извѣстяват чи сте имале благодарение да дойдите за да занемете овдоелото учителско сѣдалище в града ни. . ." — Й. Иванов, Българете в Македония, София, 1915 г.,№ 160, стр. 178.

[73] Н. Г. Еничерев, Възпоминания и бележки, София, 1906 г., стр. 84; Сто години ново българско училище в гр. Прилеп, 1843—1943, Скопие, 1943, г., стр. 17—18.

помогне во трговијата и занаетите, затоа и училишната програма ја наредив во тој дух."[74]) Во идната, 1868 г., предметите во двокласното училиште во Прилеп биле распределени по клупи, т.е. во секоја клупа се учеле одделни предмети и тоа:

I клупа: начала од физика, физиология, всеобща история, алгебра, турский и грьцкий язик;

II клупа: катихизис, гражд. землеописание, числителница, граматика, турский и грьцкий язик;

III клупа: бълг. граматика;

IV клупа: кратка бълг. граматика, кратко землеописание, битописание.[75])

Всушност III и IV клупа го сочинувале I клас, а I и II клупа II клас во ова училиште.

Отворањето главни или класни училишта и зголемувањето на класовите во нив зависело од материјалните можности на градовите, и главно, од наоѓањето учители способни да раководат со нив. Во тоа време образованите и стручно подготвени учители сè уште биле реткост. Поради тоа тие биле многу поскапо платени од заемните учители и до нив можеле да дојдат само побогатите градски општини. Некои од нив, како велешката, прилепската, кукушката и др. општини, благодарејќи на економскиот подем што го постигнале во ова време, биле во состојба да работат на унапредувањето на своите училишта и за таа цел доведувале поподготвени, странски учители. Во 1860/61 учебна година во Велес се отворило трикласно училиште,[76]) а во 1870 г. и четирикласно. Таа година двете велешки општини — источната и западната, се соединиле во една и образувале едно општо 10-члено училишно настојателство, кое требало да се грижи за унапредувањето на учебното дело во градот. Истата година тоа го погодило за учител **Васил Попович,** родум од Болград (Бесарабија), кој ги реорганизирал училиштата во Велес и основал четирикласно училиште.[77]) Тоа било во вистинска смисла на зборот класно училиште. Додека во другите класни училишта во Македонија во тоа време имало само по еден или најмногу по двајца класни учители, во него имало четири, за секој клас по еден. Тоа бил голем успех на велешката општина. Таа се носела дури со мисла да отвори и петкласно училиште[78]) во кое ќе можат да се учат децата и од околните места, но поради низа причини во тоа не успеала.

Во 1870/71 учебна година кукушкото главно училиште прераснало во трикласно,[79]) а во 1872/73 учебна година прилепското

[74] Н. Г. Еничерев, Прилепското училище 1866—1878, во книгата „Сто години ново българско училище в гр. Прилеп, 1843—1943", Скопие, 1943 г., стр. 61.
[75] В. „Македония" бр. 38 од 17. VIII. 1868 г.
[76] Н. Ив. Ванков, История на учебното дело в България, Ловеч, 1903 г., стр. 116
[77] Хр. Чочков, цит. дело, стр. 29—30.
[78] Истото, стр. 30.
[79] Н. Ив. Ванков, цит. дело, стр. 116.

главно училиште станало четирикласно.[80]) Тогаш во него се учеле овие предмети: българска граматика, българска история, землеописание гражданско и исчислително, числителница, закон божий (св. история и катихизис). всеобща история, физика, турский и грьцкий язик.[81]) И двете училишта имале по двајца класни учители.

Освен овие, историјата на школството во Македонија ја забележила појавата и на други две класни училишта, кои имале поспецифичен карактер. Тоа биле педагошките училишта што ги отворил истакнатиот македонски педагог и просветител, заслужен деец на реформирањето и модернизирањето на народните училишта во Македонија — **Јосиф А. Ковачев.**

Тој се родил во Штип. своето образование го започнал во родниот град, го продолжил во Духовната семинарија во Белград и го завршил во Духовната академија во Киев. За стручното формирање на Ковачева како педагог од извонредно значење било неговото школување во Русија. Тоа се совпаѓа токму со времето кога под влијанието на општественото движење што се развило во тие години се правеле сериозни усилби да се реформира школството во Русија врз основа на демократските принципи.[82]) Во 60-те години на XIX век во Русија активно дејствуваат низа истакнати општествени, просветно-културни и педагошки работници (Н. Г. Чернишевски, Н. А. Доброљубов, Н. И. Пирогов, Н. А. Корф, К. Д. Ушински и др.), чии прогресивни идеи значително придонесуваат за развитокот на педагошката мисла и унапредувањето на школството. Ј. Ковачев не само што сериозно се посветува на студиите во Академијата, туку ја следи педагошката периодика и со голем интерес ги изучува педагошките идеи на споменатите педагози, особено на Ушински, кои ќе најдат извесен одраз во неговите погледи и сфаќања за реформирањето на школството во Македонија, како и во неговата практична педагошка дејност.[83]) Тој тука ја запознал и ја усвоил и гласовната метода, која тогаш се применувала во училиштата во Русија. Но истовремено Ј. Ковачев пројавувал интерес и за идеите на некои западноевропски педагози, влијанието на кои тогаш било прилично раширено во Русија.[84])

Солидно педагошки и методски подготвен, вооружен со напредни педагошки идеи што ги здобил на богатите извори на рус-

---

[80] Сп. „Читалище", 1873 г., кн. 5, стр. 433.

[81] Истото, стр. 433.

[82] Н. А. Константинов — Е. Н. Медынский — М. Ф. Шабаева, История педагогики, второ издание, Москва, 1959 г., стр. 291.

[83] Обр. Обрешков, Йосиф А. Ковачев. — дейност и педагогически възгледи, Известия на педагогическия институт „Акад. Т. Самодумов", София, 1963 г., кн. XII, стр. 9.

[84] Во предговорот на својата книга „Школска педагогиа" Ј. Ковачев наспомнува дека при нејзиното изработување се користел со трудовите на Куртмана, Дистервега, Фирхова, Бокка, Брауна, Фаррентрашпа Дулвона и др.

ката демократска педагошка мисла од 60-те години на XIX век, по свршувањето на Киевската духовна академија во 1868 г. J. Ковачев тргнал за својата татковина со искрена побуда и горешта желба да го реформира учебното дело и по таков начин да придонесе за неговото унапредување и осовременување. По желба, пак, на Одеското бугарско настојателство, кое материјално го поддржувало Ковачева за време на студирањето во Киев, тој дошол за учител во класното училиште во бугарското гратче Габрово.[85]) Тука тој за првпат се обидел да ја воведе новата, гласовна (звучна) метода. Меѓутоа, турските власти со подозрение гледале на него како на руски воспитаник и го принудиле по 21 ден од учителствувањето во Габрово да го напушти ова гратче и да се врати во својот роден град Штип.[86]) Истата, 1868 г., J. Ковачев станал учител во штипско Ново Село,[87]) а иднага — 1869 г., по предлог на граѓаните, отишол за главен учител во училиштето во Штип,[88]) каде што ја започнал својата реформаторска педагошка дејност.

J. Ковачев бил наполно свесен дека школството во Македонија (кое тогаш било заостанато и заради тоа се наоѓало во независна положба) не ќе може да се постави на современи, модерни основи, на какви што веќе било поставено школството во попросветените земји, без постоењето на една училишна установа во која ќе се подготвуваат учители за основните училишта.[89]) И за да ја задоволи колку-толку оваа насушна потреба на македонското школство во тоа време, тој во Штип во 1869 г. основал класно училиште со специјална задача — да подготвува учители и свештеници. Тоа било првото училиште од ваков вид во Македонија. Училиштето имало два класа и во него за првпат Ковачев го вовел класниот и предметниот систем на наставата.[90]) Според забелешките на неговиот ученик — бугарскиот учител Саранов, во наставниот план на училиштето биле застапени следниве предмети: вероучение, библиведение, църковна история, педагогия, география, естествоведение,

---

[85] Биография на дарителите Екатерина и Йсиф Ковачеви, стр. 4.

[86] Йосиф Ковачев, Автобиографични бележки, Исторически архив при народната библиотека „Кирил и Методи", Фонд№ 111, Арх. ед. 369.

[87] По доаѓањето во Штип J. Ковачев не нашол празно учителско место во градот, затоа се погодил за учител во штипско Ново Село. — Биография на дарителите Екатерина и Иосиф Ковачеви, стр. 5; Й. Иванов, Северна Македония, стр. 361.

[88] Й. Ковачев, Автобиографични бележки.

[89] Свлоите погледи за неопходноста да се основа една таква средноучилишна установа тој ги изнел во статијата „Върху организацията на народните школи". Периодическо списание на Българското книжовно дружество, кн. XI и XII, Бранила, 1876 г. Според него ваквото училиште би требало да има најопшт карактер, т. е. во себе заедно да ги соединува: гимназијата, духовната семинарија, препарандиумот и земјоделското училиште и неговата задача би била не само да подготвува учители и свештеници, туку и да ги подготвува своите воспитаници за повисоки училишни установи (универзитет, духовна академија, политехнички институт и др.). Тој исто така се застапувал и за отворањето на женски институт. задачата на кој би била да подготвува народни учителки. — (В. ја цит. статија, стр. 192—193).

[90] Биография на дарителите Екатерина и Йосиф Ковачеви, стр. 5.

бълг. история, всеобща история, политическа економия, бълг. език, словесност, аритметика и геометрия.[91]) Очевидно, класното училиште во Штип Ковачев го организирал по образецот на тогашните руски богословски училишта. Покрај општообразовните, во наставниот план на училиштето видно место заземале богословските и педагошките предмети. Поради ваквиот свој карактер тоа било наречено **педагошко-богословско училиште.** Некои автори го сметаат за училиште што давало средно заокружено образование.[92]) Ј. Ковачев сето свое педагошко знаење и искуство го вложил за неговиот напредок. Особено внимание ѝ обрнувал на практичната обука на своите ученици — идни учители. Под негово раководство учениците од горниот клас хоспитирале и држеле предавања во основното училиште.[93]) Самиот тој одржувал нагледни предавања пред своите ученици, за да ги воведе во методиката на новата, гласовната метода. Првата генерација учители излегла од неговото училиште во 1871 г. На крајот на учебната година бил одржан јавен испит, на кој неговите ученици постигнале забележлив успех како по теоретските предмети, така и на практичните предавања.[94]) Потоа неговото училиште брзо се прочуло и станало расадник на новите педагошки идеи. Тој организирал и педагошко-методски курсеви за учителите што сакале да ја усвојат новата метода. Во Штип се нашле голем број учители од Македонија (Велес, Тиквеш, Прилеп и др.) и Бугарија (Габрово, Софија, Плевен, Ловеч и др.,[95]) кои по завршувањето на курсот ја примениле гласовната метода во училиштата во своите места.

Но, покрај наставната работа, Ј. Ковачев во Штип со голем жар и ентузијазам се ангажирал и во работата на просветувањето на народот. Тој организирал неделни курсеви за возрасните на кои им држел предавања од црковна и општа историја, а на трговците лекции за водењето на трговските книги и сметководство.[96]) Со својата дејност на реформирањето на училиштата, подготвувањето на модерни учители и просветувањето на народот Ј. Ковачев се здобил со широка известност и популарност не само во Македонија, туку и во Бугарија.

Успехот што го постигнало штипското класно училиште ѝ дал повод на прилепската училишна општина да го покани Ковачева да дојде за главен учител во Прилеп,[97]) за да ги реформира

---

[91] Н. Ив. Ванков, цит. дело, стр. 121.
[92] Истото, стр. 121.
[93] Истото, стр. 121.
[94] Биография на дарителите Екатерина и Йосиф Ковачеви, стр. 6.
[95] Н. Ив. Ванков, цит. дело, стр. 66.
[96] Биография на дарителите Екатерина и Йосиф Ковачеви, стр. 7.
[97] Прилепската општина го поканила Ковачева за главен учител во Прилеп со следново писмо:

„Родолюбивий Г-не Йосиф Ковачев!

В Щип

Овдешното население понеже позна повече потложните нужди за про-

и модернизира училиштата во нејзиниот град. J. Ковачев ја прифатил поканата и во почетокот на 1874/75 учебна година дошол во Прилеп.[98])

Како учител и деректор, Ковачев многу придонесол за квалитативното издигнување на училиштата во Прилеп. По негово настојување големите училишни простории на општинското училиште биле преградени на помали — за секое одделение и клас по една. Направиле нови клупи и табли и вовеле учебни помагала (географски карти, глобуси и др.). Биле составени и нови наставни планови.[99]) Тој прв тука ја вовел новата гласовна метода.[100]) Училиштата биле од основа реформирани и добиле современа физиономија. Ковачев го реорганизирал и класното училиште и го приспособил на барањата на општината — да подготвува учители за кои се чувствувала голема потреба во прилепските села како и во селата на западна и југозападна Македонија. Во него се предавале следниве предмети: 1. българска граматика и славянски превод; 2. аритметика и бугхалтерия; 3. чертание и практическа геометрия; 4. география в врзка с естествена история; 5. популарна физика; 6. българска история с опщ преглед и воебща история; 7. опща цъковна история с предисловие (богослужение); 8. пространен катихизис с въведение в светото писание; 9. методика за първоначално обучение; 10. турски език; 11. гръцки език и 12. псалтики.[101])

---

свещението и напредъкът; кои-то и времето ги изискуваат, показа горещо желание да ся положят учебните ни заведения в многу подобър ред. И понеже от верни наши приятели сме ся увериле достаточно за Вашето достойство и качества, то смеем да ся отнесим до Ваше Родолюбие за да Вя помолим да земите грижята Вашя милост за процъвтяванie-то на училищата Ни, като Ни бъдете учител с временно и директор над тех.

Знайме че не имате никаква нужда за да се отдалечите од града Ви и да учителствувате в града Ни; и Вашето изкренно родолюбие и горещо-то Ви желяние, което е за да водите милийт си род един чяс поскоро напреднал в образованието и просвещението сме уверени оти ке земите трудът да учителствувате в града Ни за да нахраните крекхити Ни и невини дечица с духовна храна.

Заради това ся умоляваме ако не сте ся условиле некъде да Ни пишите незабавно условията Ви и послежта-та стойност на годища-та Ви за да Ви изпроводим условното писмо.

Ако ся намират тамо и некой предуготвителен учител, тоже обявете Ни заплатата му, защо-то и от такъв се нуждаем.

Уповавайкюм ся на Ваше родолюбие, сме уверени оти за бърго време ке приймаме удовлетворителен отговор, остануваме за всещо доброжелателни.

Прилеп 1874 с подпис Предесетателя
7/брия Ваши".

(Писмото се наоѓа во Архивот на Македонија).

[98] Сто години ново българско училище в гр. Прилеп, 1843—1943, стр. 57.

[99] Истото, стр. 58.

[100] Истото, стр. 58.

[101] Хр. Шалдев, Гр. Прилеп за своите училища, Макед. преглед, год. I, кн. 1, стр. 50.

Како и во штипско, и во прилепското класно училиште предност имале богословските и педагошките предмети, особено методиката на основната настава. Тоа претставувало еден вид семинарија, во која учениците добивале средно заокружено образование и се подготвувале за учители.[102]) За кратко време прилепското четирикласно училиште постигнало извонреден успех. Во едно свое писмо до „преосвещений“ Евстатиј, кандидат за митрополит на Пелагониската епархија, општината наспомнува дека „ся въведе в училищата педагогията и ся надеват да напреднат“.[103]) А во извештајот на училишното настојателство до општината за состојбата на учебното дело во градот за 1874/75 учебна година се вели: „Главният ни учител Йосиф Ковачев извънредно ся е потрудил и неговата заплата наспроти трудът, що положи, требва да е двойна от ланската, но го молихме да склонит за ланската“.[104])

Ј. Ковачев учителствувал во Прилеп три години, од 1874 — 1877 г.,[105]) и за тоа време во неговото училиште се подготвиле голем број модерни учители, кои се распрснале по селата на западна и југозападна Македонија, ширејќи го духот на новото училиште и новите педагошки идеи.

Учителската дејност на Ј. Ковачев, како и на Н. Г. Еничерев (1866/67 — 1877/78) во Прилеп, ја прекинале Турците. Пред започнувањето на Руско-турската војна, кога го засилиле теророт над населението, тие го затвориле Ковачева и го спровеле во солунскиот затвор, од каде што по еден месец, благодарејќи на „. . . парични жертви, както и на содействието на некои повлиятелни Евреи — приятели от Солун“, бил ослободен и интерниран во Штип.[106]) Но, поради постојаните заплашувања од страна на Турците и поради тоа што цела година останал без работа, „. . . се реших — вели Ковачев, да оставам за време отечеството си и да се отдалечам в слободна България“.[107])

Како и заемните, и класните училишта не работеле по некои установени наставни планови и програми. Секое класно училиште имало тукуречи свој наставен план и тој често се менувал. Клас-

---

[102] Сто години ново българско училище в гр. Прилеп, стр. 58.

[103] Хр. Шалдев, цит. статија, стр. 54.

[105] По барање на Ј. Ковачев, црковно-училишното настојателство на прилепската општина му го издало следново свидетелство:

Свидетелство

Дава се настоящето на Г-на Йосифа А. Ковачев, българин родом от г. Щип, в удостоверение на това, че той през учебната 1874/5, 1875/6, и 1876/7 години е бил главен учител в местните ни народни училища, като при той е приготвял учениците си за учители в първоначални училища по нововъведената от него система на обучението.

гр. Прилеп. . . 1892 г. — Цръковно-училищно настоятелство
(общински печат) — (следват подписи)

[106] Й. Ковачев, Автобиографични бележки.

[107] Истото.

ните учители биле со различна подготовка и го предавале она што го знаеле и умееле, најчесто предметите што ги учеле во училиштето што го завршиле. Оттука во различни класни училишта, па и во ист клас, се учеле различни предмети и во различен обем.

Од општообразовните предмети најчесто биле застапени граматиката, историјата, општата историја, географијата, аритметиката и физиката, а од црковните предмети катехизисот, црковната историја и законот божји. Исто така, речиси во секое класно училиште се учел турскиот и грчкиот јазик. Турскиот јазик бил официјален јазик во Турската империја, па и во Македонија како нејзина провинција, а знаењето на грчкиот јазик било неопходно во трговијата. Од исти причини некаде се учел германскиот и францускиот јазик. Но освен овие предмети во некои класни училишта се учеле и чисто стручни предмети. На пример, во „Трговската школа" на Ј. Нешковиќ во Велес покрај општообразовните предмети се учеле и трговско сметководство, книговодство и стокознание, а во класните училишта на Ј. Ковачев во Штип и Прилеп богословија, педагогија, дидактика и методика. Воведувањето на овие предмети во наставните планови на одделни класни училишта се наложувало поради тоа што во тоа време не постоеле специјални училишта (трговски, педагошки, богословски), за подготвување соодветен кадар за трговијата, училиштата и црквите, за каков што тогаш се чувствувала голема потреба. Меѓутоа, изучувањето предмети од ваков карактер, како што е познато, нужно претпоставува соодветна возраст, а не ученици од нижите класови. Тоа ни покажува колку тогашните учители не се сообразувале со можностите и способностите на учениците. Паѓа в очи и фактот што во наставните планови на класните училишта во тоа време воопшто не биле или сосем ретко биле застапени предметите: гимнастика, цртање, пеење и краснопис.

Наставата во класните училишта не била предметна, туку класна (одделенска), како и наставата во основните (заемните) училишта. Бидејќи немало доволен број класни училишта, еден или двајца учители ги предавале сите предмети во училиштето. Тие имале голем број часови и прекумерно работеле. На пример, во 1857 г. со двокласното училиште во Велес (источната страна) раководел еден учител (Ј. Нешковиќ). Истата година со другото класно училиште во овој град (западната страна) раководел исто така еден учител (Ѓ. Икономов). Во 1866 г. во двокласното училиште во Прилеп предавал само еден учител (Н. Г. Еничерев). Во 1872/73 учебна година во четирикласното училиште во Прилеп имало два учитела. Едниот (Н. Г. Еничерев) предавал граматика, земјопис, числителница, физика и турски јазик, а другиот (К. Шапкарев) бугарска и општа историја, црковните науки и грчки јазик.[108]) Во некои класни училишта работеле и повеќе учители. Во четири-

[108] Сп. „Читалище", 1873 г., кн. 5, стр. 483.

класното училиште на В. Поповиќ во Велес (1870—1873 г.) и во класните училишта на Ј .Ковачев во Штип и Прилеп имало по четири класни учители, но и тие предавале по неколку предмети. Реткост било бројот на класните учители да го надминува бројот на класовите во училиштето.

И во методски поглед наставата во класните училишта била многу неуедначена и се изведувала во рамките на она што одделните учители знаеле и умееле да применат. Недоволно стручно и методски подготвени, а и пренатоварени со голем број предмети и часови, класните учители имале големи тешкотии во изведувањето на наставата. Особена тешкотија за нив и учениците била таа што тогаш немало добри и во доволен број учебници и учебни раководства. Во употреба биле различни учебници, кои често не одговарале на возраста на учениците и до кои инаку тешко можело да се дојде. Затоа учителите биле принудени своите предавања да им ги диктираат на учениците. Целокупниот наставен механизам се сведувал на соопштување знаења, задавање уроци, повторување и запомнување. Таквата настава, се разбира, била особено тешка за учениците. Тие биле принудени од своите белешки диктираните предавања да ги учат збор по збор напамет, без разјаснување од страна на учителите, без употреба на нагледни средства, учебни помагала, без вежби и сето она што би можело да им помогне правилно да го усвојат наставниот материјал. Во 50-те и 60-те години на минатиот век, поради немање учебници, наставниците речиси сите свои предавања им ги диктирале на учениците. Во некои класни училишта ваква практика постоела дури и во 70-те години на минатиот век. На пример, во класните училишта на Ј. Ковачев во Штип[109] и Прилеп[110] учебниците биле исфрлени од употреба и учениците учеле од белешките составени по неговите предавања.

---

[109] Н. Ив. Ванков, цит. дело, стр. 138.

[110] Сто години ново българско училище в гр. Прилеп, стр. 114.

Ристо КАНТАРЦИЕВ

# КЛАССНОЕ ОБУЧЕНИЕ В МАКЕДОНИИ


## Рзюме

В данной статье рассматривается вопрос о появлении и развити классного обучения в Македонии. Этот тип обучения представляет собою на самом деле продолжение взаимного (начального) обучения и основывается на стремлении удовлетворить возрастающую потребность молодого македонского мещанства в более высокой степени образования.

Македонское классное обучение появилось в 50—60 годах 19 века в наиболее развитых экономически городах.

Первое училище с классным обучением было основано в 1857 году в г. Велес сербским учителем Йованом Нешковичем. Оно имело два класса, и в нем, наряду с общеобразовательными предметами, преподавались и предметы, необходимые для торговли. Вследствие этого оно получило название „Трговска школа”.

В том же 1857 году было основано училище с класесным обучением в упомянутом городе и болгарским учителем Георгием Икономовым.

Впоследствии училища с классным обучением были созданы и в других городах Македонии. В 1861—62 учебном году училище этого же типа было основано в г. Штип сербским учителем Джорджем Миллетичем. В 1865 году в. г. Кукуш училище с двумя классами было создано македонским учителем Кузманом Шапкаревым, а в 1866 году такое училище было создано в г. Прилеп болгарским учителем Николой Эничеревым.

В 60—70 годы прошлого века в некоторых городах Македонии появились такие же училища и с несколькими классами. Уже в 1860—61 учебном году в. г. Велес было основано трехклассное училище, а в 1970 г. и четырехклассное. Это училище было создано учителем Василом Поповичем, родившемся в Болграде (Бессарабия).

В 1870—71 учебном году Кукушское училище с классным обучением было преобразовано в трехклассное, а в 1872—73 учебном году Прилепское училище стало четырехклассным. Оба училища имели по два учителя.

Кроме упомянутых, в Македонии появились и другие два училища с классным обучением, имеющие более специфический характер. Это были педагогические училища, основанные выдающимся македонским педагогом Иосифом Ковачевым в городах Штип (1869) и Прилеп (1874). Упомянутые училища представляют некоторое подобие семинариям, в которых ученики получали законченное среднее образование и которые готовили учителей.

Училища с классным обучением не имели едных учебных плапов и програми. Каждое такое училище имело, так сказать, свой учебный

план, который чатло менялся. Обучение проводилось не по определенным предметам, а по классам, как и обучение в начальных училищах. Так как классных учителей было недостаточно, один или два из них преподавали все предметы в училище.

В методическом отношении обучение в упомянутых училищах было весьма разнородным и проводилось в границах знаний и способностей учителей. Недостаточно подготовленные по специальности и в методическом отношении, перегруженные большим количеством предметов и уроков, классные учителя сталкивались с большими трудностями в процессе обучения. Особенно трудным для них было то, что в то время не было в достаточном количестве хороших учебников и учебных пособий.

Создание классных училищ является очень важным шагом в развитии образования и школьного обучения в Македонии. Они сыграли положительную роль в удовлетворении желания более высокой степени образования у молодой македонской буржуазии. Как особый тип училищ они указывают на связи Македонии в области образования и культуры с соседними странами и Россией в 19 веке.